

*комб. техн. "Чуден свет" - Непостојан простор*

# МОМЧИЛО АВРАМОВСКИ

# MOMČILO AVRAMOVSKI



**Момчило Аврамовски** е роден 1935 година во Куманово. Завршил Училиште за применета уметност, ВШ и Факултет за Ликовна уметност во Скопје. Членувал во ДЛУК од 1958 год. до неговото престанување со работа, а член на ДЛУМ е од 1968 год. во кое е активен и денес.

За својата повеќегодишна работа добитник е на повеќе награди и признанија меѓу кои: награда за сликарство на изложбите на ДЛУК 1969, 1981, 1982, 1983 и 1984 година; 1973 год. Ноемвриска награда за педагошка работа; 1975 год. Орден на труд на Претседателот на СФРЈ; 1989 год. награда за сликарство на ДЛУК; 1998 год. Ноемвриска награда за сликарство и ширење на ликовна култура во Куманово на полето на ликовната педагогија како и голем број признанија и награди во странство.

За својата успешна повеќедецениска работа како професор по ликовната уметност добитник е и на звањето "Особено истакнат педагошки работник".

На полето на сликарството го бележиме неговиот ангажман од 1958 год. до денешни денови, а кој се состои од учествува на огромен број на групни изложби во земјата и странство, учество на странски и домашни ликовни колонии, ликовни проекти, меѓународни конкурси и др. Самостојно излагал во Куманово, Прилеп, Битола, Струмица, Кочани, Делчево и др.



*комб. техн. "Чуден свет" - Страв*

Кога човекот кој уметноста ја има како свое најсилно средство за комуникација со светот, се јавува во улога на истражувач на ваквиот однос на нештата, тогаш за него може да се каже дека знае што сака со своето творештво, како што може да се каже за Момчило Аврамовски. Треба да се потсетиме дека овој автор бележи четириесет и седум години ликовно творештво, творештво кое е присатно во Македонија и надвор од неа. Определбата на Момчило Аврамовски и сé до денес останува препознатлива. Како автор поседува особено богат креативен потенцијал чијашто уметничка повеќедецениска активност зрачи со сите негови уметнички значења. Впрочем излеаното уметничко истражување во апстрактно-експресивниот цртеж, понекогаш со влијание од графиката и колоритот ни ги сугерира духовно-катализираните визии и стремежи на авторот. Тој со изразита љубопитност навлегува во светот на имагинарното, субјективното доживување на просторот и егзистенција на обликот. Навидум привидниот мир на духовното и материјалното кое е во нас и кое не опкружува и не е статично како што изгледа на делата. Аврамовски ни се презентира со сите негови можни појавни облици и релации, а истите движења се и можат да бидат дел од субјективната трансформација, видување на просторот со апострофираната динамика и хармонија на линиите особено на обликот. Прецизната нотација на истажуваната идеја на цртежот, резултира и со артикулацијата на субјективно контролираната динамика на елементите од кој е граден композициски склоп, при тоа проткајувајќи ги дел од површините со интензивни и придушени тонски елементи при што во делото внесува дозирана колоритмика и облагородување на ликовниот елемент и простор. Интерактивниот однос на почетните структурални истражувања во потсвесно набележаните идеи и елементи. Понекогаш и со минуциозна насликаност го открива драматичниот однос во процесот на создавањето на прифатливи визуелни естетски конотации. Со геометриски облици им обезбедува слобода на животот на користените елементи во композицијата со взаемно проткајување на нивните ликовно естетски вредности, додека ликовните елементи со усвитеноста на нивните движења изразени во убави лирични линии, во субјективно детерминираниот простор, го откриваат цртачкиот стремеж да биде прикажан мигот и динамиката на истражуваните движења. Индивидуалната синтеза во однос на цртежот како запис и конципирањето на истиот со стилско-ликовните алтернации кон апстрактниот експресионизам на Аврамовски му обезбедуваат предзнак на современ однос кон градење на својот ликовен јазик и ликовна комуникација со севкупните уметнички струења во Македонија и пошироко.

Живко Велковски, историчар на уметноста
виш кустос во музејот во Струмица



*комб. техн. "Чуден свет" - Непознат јавач*



комб. техн. “Чуден свет“ - Петел



комб. техн. “Чуден свет“ - Гнев

Издавач: Национална установа - Центар за култура “Трајко Прокопиев“ - Куманово
За издавачот: Жика Крстевски
Организатор: Роберт Цветковски • Дизајн и компјутерска подготовка: Страшо Арсовски
Печати: “Киме-Граф“ - Куманово • Куманово - Октомври, 2005